КУЧИЊА

# Постапка на преглед без сопственик

Запомнете дека консултацијата во ветеринарната ординација без сопственикот претставува значајна рутинска промена за кучињата. Благодарение на приврзаноста, кучињата се чувствуваат безбедно кога сопственикот е присутен. Без сопственикот, кучето може да се чувствува вознемирено и со страв.

Клиентите треба да бидат охрабрени да го научат и тренираат своето куче пред да одат во клиниката да прифаќа различни форми на ракување и заштитни корпи доколку е потребно. Заштитната корпа за муцката би била подобра опција бидејќи му овозможува на кучето да покаже смирено однесување како што се лижење на усните, проѕевање итн., корисно за ветеринарот да препознае стрес и фрустрација.





## ДОАЃАЊЕ ВО КЛИНИКА

1. Поздрав: Пристап од страна, закривен или под агол (социјална интеракција). Од фундаментално значење е да се грижите за проксемиката и држењето на телото.
2. Сигналите за смирување се корисни за да се провери дали кучето е сигурно во присуство на странец (лижење, проѕевање, свртување на главата, настрана, спуштање опашка, цвилење или се повлекување).
3. Употребувајте феромони во дифузија.
4. Обидетете се да го скратите времето на чекање (на пр.закажан преглед)



## ПРЕГЛЕД

1. Дозволете му на кучето да пријде и да контактира со вас во свое време, а не обратно. Се претпочита страничниот пристап.
2. Прегледајте  го кучето на подот или на масата според преференциите и искуствата на кучето.
3. Работете нежно, избегнувајте нагли движења и наведнување.
4. Заштитната корпа за муцката е помалку стресна и помала е веројатноста од несакано однесување ако кучето е предходно тренирано да ја носи.
5. Каде што е можно, користете трикови /вкусна храна и обидете се да ги намалите визуелните стимули: движете се непречено и стабилно, за да не предизвикате претерана реакција активирана од движење; користете ќебиња и крпи над главата како бариера за време на прегледот.



ФЛАЕР ЗА ВЕТЕРИНАРИ

ESVCE European Society of Veterinary Clinical Ethology
FECAVA Federation of European Companion Animal Veterinary Associations